# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

**Службен весник на РМ, бр. 217 од 11.12.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14,115/14, 149/14, 187/14 и 44/15), во членот 19 став (2) се менува и гласи:„Надзорниот инженер може да побара да се извршат измени на одделни делови од проектот."

Ставот (3) се менува и гласи:

„Во случаите од ставот (2) на овој член, се спроведува постапка за измени во текот на изградбата согласно со членот 69 од овој закон."

**Член 2**

Во членот 51 став (2) по зборовите: „лиценца за проектирање" се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

**Член 3**

Во членот 59 став (2) алинеја 1 точката и запирката на крајот од алинејата се заменуваат со запирка и се додаваат зборовите: „односно проект за инфраструктура, доколку барањето се однесува за линиски инфраструктурни градби;".

Ставот (5) се менува и гласи:

„Доколку е поднесено барање за одобрение за градење за градби за производство на електрична и топлинска енергија за кои согласно со прописите за енергетика е предвидено овластување за изградба на овој вид на објекти, покрај доказите од членот (2) од овој закон се доставува и овластување за изградба на градби за производство на електрична и топлинска енергија издадено од надлежен орган."

**Член 4**

Во членот 67 став (5) во втората реченица, точката на крајот од ставот се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен во случаите кога предмет на изградба е градба од јавен интерес утврден со закон".

По ставот (5) се додаваат два нови ставови (6) и (7), кои гласат:

"(6) Советите на општините на градот Скопје, одлуката од ставот (5) на овој член ја донесуваат по претходно позитивно мислење од градот Скопје.

(7) Одлуката од ставот (5) на овој член не се применува за градби од јавен интерес утврден со закон."

Ставот (6) станува став (8).

Во ставот (7) кој станува став (9) зборовите: „ставот (6)" се заменуваат со зборовите:„ставот (8)".

Во ставот (8) кој станува став (10) зборовите: „ставот (6)" се заменуваат со зборовите:„ставот (8)".

Ставот (9) станува став (11).

**Член 5**

Во членот 69 став (1) во втората реченица зборовите: „и само оние мислења и согласности чие прибавување произлегува од бараната измена" се заменуваат со зборовите: „до надлежниот орган од членот 58 од овој закон кој го издал одобрението за градење".
Ставот (2) се менува и гласи:
„Надлежниот орган од членот 58 од овој закон е должен во рок од 15 дена од приемот на барањето од ставот (1) на овој член, да прибави мислења и согласности од субјектите од членот 59-в од овој закон, чие прибавување произлегува од бараната измена и да утврди дали се исполнети законските услови за измени во текот на изградбата утврдени во ставот (1) на овој член при што доколку утврди дека истите се исполнети, прибавени се потребните мислења и согласности од субјектите од членот 59-в од овој закон, донесува решение со кое се одобруваат измените во текот на изградбата и го заверува дополнувањето на основниот проект."
Во ставот (3) точката на крајот од ставот се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „или доставено е негативно мислење, односно не е дадена согласност од страна на субјектите од членот 59-в од овој закон".
Ставот (4) се менува и гласи:
„Доколку со предложените измени се предвидува и нова корисна површина на предметната градба, инвеститорот е должен пред издавање на решението со кое се одобруваат измените да плати надоместок за уредување на градежно земјиште за новата корисна површина."
Ставот (5) се менува и гласи:
„Решението за измени во тек на изградба е составен дел на одобрението за градење, а при одобрување на измени во текот на изградбата проектот на изведена состојба се изработува согласно со дополнетиот основен проект."
Во ставот (6) во втората реченица зборовите: „заради предбележување" се заменуваат со зборовите: „заради запишување", а во третата реченица зборот „прибележување" се заменува со зборот „запишување".

**Член 6**

Во членот 70 став (1) зборовите: „во рок од 15 дена од настанатата промена," се бришат.

**Член 7**

Во членот 72 став (1) во втората реченица по зборот „Инвеститорот" се додаваат зборовите: „или изведувачот".

**Член 8**

Во членот 73 став (4) по зборовите: „односно друга меѓународна организација," се додаваат зборовите: „како и за привремени градби за сместување на работници при изградба на линиски инфраструктурни објекти од прва категорија од членот 57 од овој закон,".

**Член 9**

Во членот 74 став (2) по зборовите: „односно друга меѓународна организација," се додаваат зборовите: „како и за привремени градби за сместување на

работници при изградба на линиски инфраструктурни објекти од прва категорија од членот 57 од овој закон,".
Во ставот (7) по зборовите: „оптички кабли," се додаваат зборовите: „оптички кабли со кабелска канализација и кабелска канализација за оптички кабли," а зборовите: „кое е правосилно и извршно, претставува правен основ за запишување на правото на сопственост на опремата во јавната книга за запишување на правата на недвижности" се заменуваат со зборовите: „кое е правосилно, претставува правен основ за прибележување, предбележување и укнижување на правото на сопственост на градбата, односно опремата во јавната книга за запишување на правата на недвижности."
По ставот (9) се додаваат два нови става (10) и (11), кои гласат:
„(10) Доколку за градбите, односно опремата од членот 73 од овој закон е предвидено плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште согласно со Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост, инвеститорот е должен да го плати надоместокот пред издавање на решението за изведување на градбите, односно поставување на опремата.
(11) Инвеститорот може да започне со изградба на градбата, односно поставување на опремата од членот 73 од овој закон врз основа на правосилно решение за изведување на градбата, односно поставување на опремата од членот 73 од овој закон, а по исклучок на сопствена одговорност и ризик инвеститорот може да започне со изградба и врз основа на конечно решение."

**Член 10**

Членот 129 се менува и гласи:
"(1) Градежниот и овластениот градежен инспектор имаат службена легитимација.
(2) Службената легитимација од ставот (1) на овој член за градежниот инспектор ја издава директорот на инспекторатот, а за овластениот градежен инспектор ја издава градоначалникот на општината, односно општината на градот Скопје.
(3) Службената легитимација има важност од шест години.
(4) По истекот на важноста градежниот инспектор е должен да ја врати легитимација на директорот на инспекторатот, а овластениот градежен инспектор на градоначалникот на општината, односно општината на градот Скопје, кои се должни да издадат нова.
(5) Формата и содржината на обрасците на легитимацијата од ставот (1) на овој член, начинот на нејзиното издавање и одземање и изгледот на знакот, за градежниот инспектор, на предлог на директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, а за овластениот градежен инспектор ги пропишува градоначалникот на општината, односно општината на градот Скопје."

**Член 11**

Одредбите од членот 5 од овој закон се применуваат и при спроведување на постапките за измени во текот на изградбата за градбите за кои е издадено

одобрение за градење согласно со Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14,28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14 и 44/15).

**Член 12**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за градење.

**Член 13**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".